Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 95/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Ардит Рамадани, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Комисијата одлучи дека е неоснована жалбата за Фејсбук објавата на главната уредничка на порталот „Пацензуре“ Лиридона Вејсели.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 1 април 2023 година, Ардит Рамадани поднесе жалба за Фејсбук објавата на главната уредничка на порталот „Пацензуре“ Лиридона Вејсели околу случајот со исчезнувањето и пронаоѓањето на две малолетни девојчиња во општината Чаир.

Жалителот смета дека се прекршени членовите 1, 3, 4, 5, 9, 10 и 11 од Кодексот на новинарите на Македонија. Во жалбата се истакнува дека главната уредничка Лиридона Вејсели на својата лична страница на „Фејсбук“ за случајот со двете изгубени девојчиња објавила „...мислење или став, кој поттикнува омраза, е дискриминаторски, ја нарушува приватноста на малолетните девојчиња, клеветнички е, полн со предрасуди и пред се поттикнува голема омраза кон малолетните девојчиња, додека ефектите од оваа „лажна вест“ се видоа само неколку минути откако беше објавена на „Па цензуре“, каде голем број коментари се занимаваа со сексуалната ориентација на девојчињата“.

Жалителот Рамадани поднесе и скриншот од објавата, бидејќи истата била избришана во меѓувреме. Од доставениот скриншот може да се констатира дека објавата се состоела од следниот текст: „Причината зошто девојките си заминаа е несреќата што чекаме да не стигне...! Со сите овие права што ги има оваа заедница! Родителите да реагираат итно! Колку што е можно, внимавајте што пишуваме затоа што станува минорен проблем! Но, делумно е виновно и училиштето кадешто девојчињата се изјаснија за чувствата пред две недели кај раководителот на училиштето! Катастрофа!“

Жалителот смета дека „авторката, без да наведе никакви факти, вели дека девојчињата (малолетни, т.е. 15 и 11 години) си заминале затоа што припаѓаат на ЛГБТ заедницата и дека, според неа, овие чувства му ги соопштиле на директорот на училиштето“.

Жалителот Рамадани смета дека обелоденувањето “...на сексуалната ориентација не претставува прашање од јавен интерес во овој случај, а уште помалку кога станува збор за малолетници, авторот употребил и омраза и дискриминаторски јазик кон ЛГБТ заедницата. Покрај тоа, таа отворено повикува на омраза со тоа што ги повикува сите родители, според неа, да реагираат“.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до уредничката на порталот paCensure.com со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Уредничката на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби едногласно утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА бидејќи се однесува на содржина објавена на личен профил на социјална мрежа, што е вон доменот на одлучување на Комисијата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 25 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Согласно Правилникот за работа на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите, Комисијата ги разгледува и одлучува за жалбите поднесени за содржини објавени во печатените медиуми, радијата, телевизиите и онлајн медиумите или порталите. Оттаму, Комисијата се прогласи за ненадлежна да ја оценува содржината на објавата на личен профил на социјална мрежа.

Сепак, Комисијата апелира до сите новинари, особено до главните и одговорни уредници на медиумите, имајќи предвид дека нивниот јавен збор има големо влијание во општеството и кај публиката, да бидат внимателни и да ги почитуваат етичките правила и при објавувањето лични објави на социјалните мрежи, да го чуваат угледот и достоинството на својата професија, да ја негуваат културата на говорот и етиката и да не користат непримерна комуникација со јавноста. Тоа особено се однесува на изнесувањето лични мислења и ставови кои се дискриминирачки по разни основи, кои може да поттикнуваат омраза или пак во најлош случај дела предизвикани од омраза.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено..

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595